# Анализа и проценка на постоечките достапни

# туристички услуги и капацитети

# во Пелагонискиот регион



**Битола, 15.06.2022**

## Содржина

- Вовед
- Појдовна основа, поими и термини
- Методологија
- Истражување
- Резултати од проценката
- Заклучок и препораки

**А. Моменталната состојба со спроведувањето на законските барања за пристапност на лицата со попреченост во Пелагонискиот регион, како пилот регион**

**Б. Моменталната состојба во Пелагонискиот регион, како пилот регион, со обезбедување на специфични туристички услуги за лицата со попреченост**

**Вовед**

**Мисли за пристапноста:**

***„Луѓето не се со попреченост, градовите се ...“***

***„Секој човек е експерт за своите потреби. Треба да обезбедиме објективни, лични информации, со цел туристите да изберат кој објект е достапен за нив“.***

***„Инвестициските трошоци се погрешно разбрани и претерани, додека пристапот се смета главно како „проблем“наместо како златна можност“.***

***Во Агендата на Обединетите нации 2030 за одржлив развој се налага***
***„Никого не треба да оставиме зад себе! “***

**Пристапноста за сите до туристичките капацитети, производи и услуги треба да биде во фокусот на секоја одговорна и одржлива туристичка политика. Пристапноста не се однесува само на човековите права. Тоа е и деловна можност за дестинациите и компаниите да ги прифатат сите посетители и да ги подобрат своите приходи.**
**Лицата со инвалидност може да имаат телесна, сензорна, или интелектуална попреченост. Некои од нив може да имаат инвалидност од раѓање, или стекната во детството или подоцна во животот. Инвалидноста може да има влијание врз нивната способност за непречено учество во општеството или пак инвалидноста може да има големо влијание врз нивната работна способност и да бара поддршка и помош.**

**Доколку погледнеме околу себе, само некои скали се огромна пречка и тоа не само за лицата кои користат инвалидска количка туку и за постарите лица, за повредените лица, за бремените жени, за мајките со мало дете во количка, за малите деца. За да овие лица се стекнат со потполна вклученост во сите пори на општеството и да имаат целосна слобода на движење, пречките мора да се надминат. Тоа може да се постигне доколку се почитува донесената законската регулатива за градба и подзаконските акти, со кампањи за подигање на јавната свест, со меѓусебно разбирање и емпатија, односно со почит кон достоинство и право на слобода на живот. Пристапноста најчесто се анализира од аспект на стрмни скали на влезовите, во објектите, помеѓу катовите, на недостаток на рампи, платформи и лифтови за премостување на висинските бариери, пристапни тоалети, звучна и светлосна сигнализација и др.**

- **Поими во меѓународни рамки**

**Пристапен туризам за сите**

**Форма на туризам што им овозможува на луѓето со одредени барања за пристап, вклучително мобилност, вид, слух и когнитивни димензии на пристап, да функционираат независно и правично и достоинствено. Тоа се овозможува преку испорака на универзално дизајнирани туристички производи, услуги и средини, од кои сите бараат заеднички процес меѓу засегнатите страни.**

### Попреченост

**Попреченоста е резултат на интеракцијата помеѓу лицата со оштетен и бариерите на ставовите и животната средина кои го попречуваат нивното целосно и ефективно учество во општеството на еднаква основа со другите. Разбирањето на попреченоста како интеракција значи дека таа е општествен конструкт, а не атрибут на личноста.**

**Лица со попреченост. Секое лице чие целосно и ефективно учество во општеството на еднаква основа со другите во патувањето, сместувањето и другите туристички услуги е попречено од бариерите во средината во која се наоѓаат, како и од бариери на ставови.**

### Тактилно поплочување

**Систем на текстурирани индикатори за површината на земјата на пешачки патеки, скали и платформи на станици за да им помогнат на лицата кои се слепи или со оштетен вид. Тие обезбедуваат карактеристична шема на површината, забележлива под нозете или со бастуни, кои ги предупредуваат луѓето за нивниот пристап до улиците и опасните делови.**







**Универзален дизајн**

**Дизајнот на производите, околината, програмите и услугите да бидат употребливи од сите луѓе, во најголема можна мера, без потреба од адаптација или специјализиран дизајн. Промовира промена кон дизајн фокусиран на корисникот преку следење на холистички пристап и со цел да се приспособат на потребите на лицата со попреченост. Тоа е концепт кој се протега надвор од прашањата за обичната пристапност до згради за лицата со попреченост и треба да стане интегриран дел од политиките и планирањето во сите аспекти на општеството.**

**Пристапност, „употребливост на производ, услуга, околина или објект од страна на поединци со најширок опсег на способности"**

**Потреби за пристапност, (да можат да користат свои производи за помош или помошна технологија за да комуницираат со сите функционалности на системот; системот да не се меша со нивните помошни производи или помошна технологија.)**

**Посетата на културно наследство е човеково право. *Под културно наследство се подразбираат материјални и нематеријални добра кои што, како израз или сведоштво на човековото творештво во минатото и сегашнота или како заеднички дела на човекот и природата, поради своите археолошки, етнолошки, историски, уметнички, архитектонски, урбанистички, амбиентални, технички, социолошки и други научни или културни вредности, својства, содржини или функции, имаат културно иисториско значење и заради нивната заштита и користење се наоѓаат под правен режим согласно закон. Културното наследство според неговите својства може да биде: недвижно, движно и духовно. Недвижно: Споменици, споменички целини и културни предели; Движно: Археолошки предмети, етнолошки предмети, Историски предмети, уметнички предмети, технички предмети, архивска граѓа, библиотечни добра, кинотечни добра, фонотечни добра; Духовно: Фолклорни добра, јазик, топоними. Културното наследство според неговото значење може да биде: од исклучително и од друго културно и историско значење. Од исклучително значење е секое добро кои има највисоко национално значење и универзални вредности за човештвото и неговата историја, култура, уметност, наука или технолошки прогрес; Од друго културно и историско значење е секое добро кое што има големо значење за националната историја, култура, уметност , наука или технолошки развој. Движното културното наследство се наоѓа под директна заштита на државата и се чува во**

посебно изградени и назначени објекти за тоа: музеи, галерии, библиотеки, додека недвижното културно наследство се чува во заштитени региони и резервирани археолошки зони.

Општ впечаток е дека културното наследсвто во нашата држава е непристапно за лицата со инвалидност, без оглед на тоа што во Законот за заштита на културното наследство на РСМ во членот 114, точка 3 стои дека: „Управата може со решение да наложи преземање на посебни мерки за обезбедување достапност на културното наследство за лицата со инвалидност“

*

UNWTO, Фондацијата ONCE и ENAT во своите стратешки документи наведуваат: „Пристапноста за сите се однесува на квалитетот на услугата, иновативноста и удобноста за сите туристи, нови извори на приходи и нови клиенти со попреченост, постари лица и семејства со мали деца, меѓу многу други поединци, со специфични барања за пристапност. Со усвојување на принципите за универзален дизајн во развојот на околината и услугите, туристичкиот сектор може да ја исполни својата морална одговорност, во многу земји, како и законските обврски да се грижи за оние со специфични барања, правејќи го туризмот за сите реалност.

* ENAT е здружение на компании, туристички одбори, општини, организации за попреченост, истражувачи и поединци кои работат на подобрување пристап до патување и туризам.

ENAT
European Network for Accessible Tourism




UNWTO
World Tourism Organization

UNESCO

**Најзначајни препораки се забележни во Препораки за пристапен туризам за сите, усвоени од Генералното собрание на UNWTO во 2013 година.**
**УНЕСКО, во рамките на областите на својот мандат, придонесува за имплементација на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост (CRPD), особено поврзана со член 9 за пристапност; Член 21 за слобода на изразување и пристап до информации; Член 24 за образование; Член 30 за учество во културниот живот, рекреацијата, слободното време и спортот; како и член 31 за меѓународна соработка. Дополнително, како поддршка за имплементацијата на Агендата за одржлив развој 2030 година, УНЕСКО беше вклучен во Меѓуагенциската група за поддршка на ОН за CRPD и Стратегијата на ОН за вклучување попречености.**

**- За анализата и проценката:**

**Изработката на оваа поценка се однесува на моменталната состојба на постоечки услуги и услови во Пелагонискиот регион спроведена на терен, согласно целта на проектот Алтертрип во која јасно е изразена мотивација прекуграничниот регион помеѓу Северна Македонија и Грција да прерасне во пристапна и инклузивна туристичка дестинација и поддршка на развојот на туризмот во Регионот, со обезбедување квалитетни услуги за лицата со попреченост, преку знаење и размена на искуство и подобрување на пристапноста до природното и културното наследство. Во таа насока создавањето на квалитетен туристички и одржлив производ наменет за лицата со попреченост е од голема важност за развој на туризмот во регионот, подобрување на квалитетот на животот на овие лица.**

**Согласно задачата од Договорот, проценката беше направена врз вработени и менаџери и во туристички капацитети, односно сместувачки капацитети, угостителски објекти, музеи и други културни институции, туристички локалитети и некои спортски локации, невладини организации и претставници од локални авторитети кои се одговорни за развој на туризмот, за социјална заштита и секако благосостојбата на лицата со попреченост, верски објекти и сл.**

**Оваа проценка најповеќе се базира на истражување на одреден број капацитети на терен, електронска пошта, интервјуа, прашалници, разговори во живо и телефонски разговори.**

**Особено важни за оваа проценка беа прашалниците изработени според дејноста, односно еден прашалник за институции и еден за угостителските капацитети, кој беше спроведен според предлог на партнерите од Грција а двата прашалници беа одобрени од партнерот во проектот Алтер Трип – Мобилност Битола.**

**Резултатите од истражувањето беа обработени и анализирани, по што се констатираше дали правната регулатива им е позната на менаџерите и вработените во капацитетите е позната, дали е имплементирана законската регулатива, со проверка на терен, или доколку се имплементирани дали се правилно имплементирани.**

**Со истражувањето се добиени одговори на прашањата каква е моменталната состојба со имплементација на правната регулатива за пристапност за лица со попреченост во Пелагонискиот регион, како пилот регион и каква е состојбата со обезбедени специфични, посебни туристички услуги за лицата со попреченост.**

**Посакуван резултат од проектот Алтер Трип е развој и подобрување на состојбата кај одредени атракции, особено оние од културното наследство во двата погранични региони, вклучувајќи лесни интервенции, како што се рампи, подвижни рампи, пешатење на материјали на Браево писмо и др. во насока на подобрување на пристапноста, достапноста и инклузијата.**

**Методологија**

- **Методологијата по која се спроведе проценката:**
  **Според насоки од првата студија Студија – насоки за тристчките чинители во однос на правнте барања за обезбедување на пристапни туристички услуги, објекти и капацитети**

Насоките се однесуваат на пет категории попреченост.

А Категорија, Инвалидни лица кои се делумно зависни од инвалидска количка, Б Категорија, Лица со инвалидитет во одењето, на кои им треба инвалидска количка постојано, Ц Категорија, слепи лица или лица со хендикеп во видот, Д Категорија. Глувонеми лица или лица со визуелна хендикепираност, Е Категорија, која ги сооединув категориите Б, Ц и Д.

Во делот за влезовите, се даваат погодности за лицата со попреченост, вклучувајќи и количка, обврска, која треба задолжително да ја исполнат новите изградени објекти, по 2006 г., со капацитет од 100 и повеќе апартмани, за блоковите и целините. Во заедничките простории и санитарните простори треба да постојат посебни помагала и тоа: рампи, автоматски врати, држалки, електропрекинувачи на пониска височина.

Во однос на постоењето на собите за лицата со попреченост, во туристичките апартмани и резиденции, обврска само за новите објекти, изградени по 2006 г., во блокови и целини, односно во објектите со капацитет од 100 апартмани, да има најмалку еден апартман, на секои понатамошни сто апартмани, плус најмалку уште по еден апартман.

Во проценката особено акцент се стави на проверка на следните елементи со пропишани димензии: Елементи на пристапност за совладување на висински разлики. За потребата од совладување на висински разлики во просторот во кој се движат лицата со инвалидност и со намалена подвижност како елементи на пристапност се: рампи, скалишта, лифтови, вертикална подигачка платформа и косо подигачка склоплива платформа. (Дали имаат вакви елементи и дали се компатибилни димензиите)

Исто така беше направена опсерација на елементи на пристапност за независно, самостојно движење во јавниот сообраќај на лицата со инвалидска количка и лицата со намалена подвижност се: стојалиште и перон, паркиралишно место, јавна пешачка површина, семафор, пешачки премин, пешачки острови и раскрсница. (Дали има вакви елементи и дали се компатибилни димензиите)

Во однос на исполнетост на овие објекти во однос на :

Кафе-бар, кафеана и ресторан со најмалку 80 места за седење, за влезниот простор, комуникациите, тоалетите и посебните одредби кои беа наведени специјално за овие

**објекти погоре, Диско-клуб и ноќен-клуб со површина од најмалку 400 $m^2$, за за влезниот простор, комуникациите, тоалетите.**

**Во кафе бар, кафеана и ресторан со помалку од 80 места за седење, диско клуб и ноќен клуб со површина помала од 400 $m^2$, треба да се обезбеди пристапност за совладување на висинските разлики и истите треба да имаат пристапно ВЦ. Доколку во тие објекти, задолжителна е изведба на само 1 ВЦ за жени и мажи, тогаш тоа треба да се изведе како пристапно. Во случај на реконструкција на тие објектите, може да се утврди отстапување од елементите на пристапност, исклучиво од причина што постојните услови на објектот тоа да не го дозволуваат или пак условите за пристапност од јавната површина до објектот тоа да не го дозволуваат. Туристички информативен центар, за влезниот простор и комуникациите, канцеларија на туристичка заедница со површина од најмалку 200 $m^2$, за влезниот простор и комуникациите, патничка агенција со површина од најмалку 200 $m^2$, за влезниот простор и комуникациите; Слободно стоечка рецепција, за влезниот простор и огласно пано; Објекти за наутички туризам, за влезниот простор, комуникациите, тоалетите, бањата или туш-кабината и огласното пано, Хотел со најмалку 25 соби со тоалети, за влезниот простор, комуникациите, бањите или, туш-кабината плус тоалети, одредби за собите, како и огласното пано, Хотел со најмалку 25 соби со заеднички санитарни единици, за влезниот простор, комуникациите, бањите, или туш-кабината плус тоалети, одредби за собите, како и огласното пано, Хостел со најмалку 25 соби со заеднички санитарни единици, за влезниот простор, комуникациите, тоалетите, бањите или тушкабината, одредби за собата и огласно пано,туристичка населба со најмалку 25 апартмани, за влезниот простор, комуникациите, одредби за станот и огласно пано, Камп за најмалку 500 гости, за влезниот простор, комуникациите, бањата или туш-кабина, кујна, и огласно пано,ресторан покрај магистрален и регионален пат, за влезниот простор, комуникациите и тоалетите; хотел со посебна ознака - мотел покрај магистрални и регионални патишта, за влезниот простор, комуникациите и тоалетите, трговско-угостителски содржини во состав на бензинските пумпни станици, за влезниот простор, комуникациите и тоалетите.**

**Објекти за културна намена како што се Универзитетска библиотека, за влезниот простор, комуникациите, тоалетите, пулт, огласно пано и ориентациски план за**

**движење; Културен центар, за влезниот простор, комуникациите, тоалетите, пулт, огласно пано и ориентациски план за движење;**

**Конгресен центар, за влезниот простор, комуникациите, тоалетите, место во гледалиште, индуктивен чвор или трансмисиски обрач, огласно пано и ориентациски план за движење; Музеј, галерија, изложбен простор со површина од најмалку 300 $m^2$, за влезниот простор, комуникациите, тоалетите, пулт и огласно пано;**

**Кино, театар и концертна сала со најмалку 100 места за публика и сл., за влезниот простор, комуникациите, тоалетите, место во гледалиште, индуктивен чвор или трансмисиски обрач и огласно пано.**

**За музеј, галерија, изложбен простор со површина помала од 300 $m^2$, кино, театар и концертна сала со помалку од 100 места во гледалиште, треба да се обезбеди пристапност за совладување на висинските разлики и истите треба да имаат пристапно ВЦ. Доколку во тие објекти, задолжителна е изведба на само 1 ВЦ за жени и мажи, тогаш тоа треба да се изведе како пристапно. Во случај на реконструкција на тие објектите, може да се утврди отстапување од елементите на пристапност, исклучиво од причина што постојните услови на објектот тоа да не го дозволуваат или пак условите за пристапност од јавната површина до објектот тоа да не го дозволуваат.**

**Во рамките на проценката, се изврши и опсервација на некои објекти за сообраќајна намена, кои беа во близина на атракции, како што се автобуска станица, железничка станица, паркинзи, пешачки патеки, плоштади, јавна пешачка површина, парк, спортски терен, спортска сала, ЗОО, верски објекти, и сл., а согласно правилникот за урбанистичко планирање, општите правила за пристапност на објектите, тротоарите и пешачките површини, паркинзи, рампи и др.**

1. **Според добиени податоци за сместувачки капацитети и угостители од Општините Битола, Демир Хисар, Долнени, Кривогаштани, Крушево, Могила, Новаци, Прилеп и Ресен**
2. **Според анализа на посточки стратешки документи за Пелагониски регион**

   **Центар за развој на Пелагониски регион, Општини во Пелагониски регион, промотивни материјали, веб страни на стејкхолдери и др.**
3. **Според достапни податоци од Министерство за економија**

   **А. Потстратегија за развој на културниот туризам на Република Северна Македонија**

**Б. Потстратегија за развој на активен туризам на Република Северна Македонија**

**В. Регистар на категоризирани угостителски објекти**

**Г. Програма за развој на туризмот во Република Северна Македонија за 2021 на Влада на Република Северна Македонија и др.**

4. **Според податоци од Државен завод за статистика**
5. **Според остварени средби со туристичките чинители**
6. **Според средби со невладини организации и асоцијации на лица со попреченост**
7. **Според прашалници за туристички чинители и институции**
   - **за угостителските капацитети**
   - **за институции**
8. **Според истражување на терен ( мерење, фотографирање, проверка и интервјуа)**
9. **Според меѓународно искуство на експертот во проценки на пристапноста и споредба со меѓународни добри примери**

**Согласно богатото искуството со обуките за пристапност во рамките на Балканска музејска мрежа, како и практичната работа во регионот, може да се констатира дека најтешко е да се имплементираат интервенции за постигнување на пристапност во објекти кои се постари и воедно споменици на култура. Во тој случај, особено на Балканот, најповеќе се внимава на овозможување на мултисензорното искуство отколку на искуството со физичко присуство во одредени атракции. За таа намена голем број атракции како што се локалитетите, музеите, галериите, креираат разновидни онлајн програми, или услуги во близина на тие атракции. Голем број примери гледаме каде атракциите подготвуваат содржини од типот на видеа на знаковен јазик за лицата со оштетен слух и говор, тактилни изложби со слики и копии за тактилно доживување, за лицата со оштетен вид, разни работилници поврзани со темата на самата атракција.**

**При анализата на добри меѓународни практики, забележани се исклучително добри примери каде е ставен акцент на пристапниот туризам, односно туризам за сите. Посебно се истакнуваат Шпанија, Велика Британија, Италија и др. Интересно е тоа што**

се повеќе тур оператори и туристички агенции организираат специјални тури за лицата со попреченост со однапред мапирани точки, односно атракции и туристичко-угостителски услуги кои прават еден комплетен туристички производ наменет за лица со различен тип на попреченост.

Како што е споменато погоре, честопати постојат бариери кои ги спречуваат поединците целосно да учествуваат во општеството. Бидејќи пристапноста не се однесува само на луѓето во инвалидски колички туку станува збор за сите видови на попреченост, мора да размислуваме за секој турист како индивидуа и секого да го пречекаме во соодветни услови.

Одличен пример за мотивација за градовите е СТО (WTO) која од 2014 година организира светски годишни конференции за пристапниот туризам, почнувајќи од Сан Марино.
Конференцијата им даде можност на дестинациите во Европа да презентираат примери за добри практики и да споделат стратегии.
Три клучни области: 1. Пристапност до локалитетите на културно наследство; 2. Рамки на политики и стратешки активности за да се направи пристапен туризам реалност;
3. Паметни технологии за унапредување на пристапноста на туристичката инфраструктура, капацитети и услуги
Бордо (Франција) и Валенсија (Шпанија) се избрани за победници на Европска престолнина на паметниот туризам на ЕУ за 2022 година натпревар, по состанокот на европското жири во Брисел на 26 октомври 2021 година. (Европски престолнини на паметен туризам за нивната извонредност како туристички дестинации во пристапност, одржливост, дигитализација и културно наследство и креативност).

Добри практики:

Сицилија per tuti, Пристапен Салцбург, Turismo de Portugal, пристапна Хрватска, Фондација Созопол, Посетете ја Англија, Сан Марино за сите, Село за сите и др. Апликацијата V4A Inside го олеснува собирањето и обработката на податоци за пристапниот туризам. Со ставање на точни информации достапни за корисниците,

**патниците со попреченост можат самостојно да избираат дестинации, услуги и капацитети кои одговараат на нивните потреби. Бидејќи им овозможува на давателите на туристички услуги информации за како да се имплементира пристапноста, апликацијата помага да се подобри квалитетот на туристичката понуда на дестинациите, да се создадат комерцијални можности и да се генерира вработување за лицата со попреченост).**

**Постојано мора да се има во предвид Конвенцијата за правата на лицата со попреченост ги повикува државите членки, преку член 30, да го признаат правото на лицата со попреченост да учествуваат на еднаква основа со другите, во културниот живот, рекреативните, спортските и слободните активности, вклучително и туризмот. *Рамковната конвенција на UNWTO за етика во туризмот ја нагласува во член 2 нејзината цел да промовира одговорен, одржлив и универзално достапен туризам. Членот 10 ги повикува државите членки да го поттикнат и олеснат туризмот за лицата со попреченост. Многу важен документ е Стратегија за правата на лицата со попреченост 2021-2030 година на ЕУ ISO 21902:2021.**

**Во разгледувањето на промотивни материјали, веб страни и сл за градовите во Пелагонискиот регион, како и капацитетите во истите не се забележани било какви информации поврзани со лицата со попреченост.**

**-Анализирајќи ги податоците од Државен завод за статистика може да се констатира следната состојба:**



**Според анализата за доаѓање на туристи во Пелагонискиот регион забележителен и очекуван е пад на бројот на туристи во последните две години со кризата со Ковид 19. Меѓутоа од 2021 крајот и 2022 се забележува пораст.**




**На табелата се прикажани државите од каде најповеќе се забележани доаѓања на туристи во Пелагонискиот регион, од каде се забележува дека Грција е на второто место, веднаш зад Србија.**






**На табелата, за доаѓања на странски туристи, забележителен е константен број на туристи од Грција во Пелагонискиот регион, со благ пораст, се до кризата со Ковид 19, за да оваа година повторно се забележува пораст на бројките.**

**Да се надеваме дека бројот на туристи од Грција ќе се зголеми и ќе се достигне бројката од 2019 година.**

**Според податок на Државен завод за статистика, за 2021 година, просечниот број на ноќевање е 3.29 денови што е тема за размислување , во насока на зголемување на истиот.**

**Во стратешките документи за развој на Пелагонискиот регион е ставен развојот на туризмот, каде е препознаен огромен потенцијал, заради атрактивноста на природното и културното наследство.**

**Во визија на Пелагонискиот плански регион јасно е нагласено дека Пелагонискиот регион е конкурентна и посакувана дестинација за живеење и туризам, со перспектива за младите, добра социјална инклузија, чиста животна средина и европска иднина. А во мисијата, Рамномерен развој на Пелагонискиот регион кој обезбедува пристоен квалитет на живот и еднакви можности за сите граѓани со валоризација на постоечките потенцијали, зајакнување на капацитетите на човечките ресурси, искористување на обновливи извори на енергија, модернизација на образованието, користење на иновативните технологии, вмрежување и**

**искористување на расположливите фондови. Во стратешка цел 2 е посочено- Поттикнување на социјална, образовна, културна и здравствена инклузивност и во Приоритет 2.1: Подобрување на капацитетите и условите во образованието, социјалата и во здравството: Во 2.1.4. Подобрување на физичката пристапност во јавните објекти и јавниот транспорт за лица со попреченост, 2.1.5. Отворање и поддршка на дневни центри за лица од ранливи категории Излезен резултат е Подобрена физичката пристапност во јавните објекти и јавниот меѓуградски и градски транспорт за лица со попреченост; а показател изразен во : Број на рампи/ лифтови во јавните објекти и јавниот транспорт за лица со попреченост во развојот; број на формирани и поддржани дневни центри за ранливите категории (стари изнемоштени лица, лица со попреченост, 2.3.5. А со цел спроведување на културни настани и инклузија на ранливите групи, 2.1.4. Подобрување на физичката пристапност во јавните објекти и јавниот транспорт за лица со попреченост, 2.2.6. Зголемување на свеста на населението за прифаќање и вклучување на ранливите групи, 2.3.5. Спроведување на културни настани и инклузија на ранливите групи, 3.3.7. Зголемување на безбедноста, сигурноста, одговорноста на населението со акцент на малолетни лица и останатите учесници во сообраќајот- Поставување на соодветна инфраструктура за ранливите категории на граѓани (рампи, звучни сигнали, светлечки сигнали)**

*

**Резултати од истражувањето:**

**Во која регионална единица / општина се наоѓа Вашиот бизнис**:

Битола 66.7 %, Демир Хисар 14.3%, Крушево 4.8%, Новаци 4.8%, Прилеп 4.8%, Ресен 4.8%,

***







**Поголем дел од деловните единици во туристичко- угостителскиот сектор имаат повеќе од 15 вработени лица и опстојуваат повеќе од 15 години, што значи дека се работи за релативно големи капацитети. Голем дел од капацитетите претставуваат комбинација од сместувачки капацитети и храна и пијалоци, а најголем дел од истражените капацитети, претставуваат сместувачки капацитети. Во однос на бројот на соби, најповеќе се застапени сместувачки капацитети со 10 до 20 соби.**

**Загрижувачка е бројката на капацитети кои имаат соби за лица со попреченост, односно 75% се изјасниле дека немаат, иако се работи за големи сместувачки капацитети.**













**Во однос доаѓањата на туристите, 71% се изјасниле дека им доаѓаат туристи од странство и од Северна Македонија, а 23% дека најповеќе имаат туристи од Северна Македонија.**




**Кај ресторанитe е забележана одредена свест за пристапноста односно, движењето на колички низ самиот објект. Некои од ресторанитe истакнаа дека имаат искуство со организирање на настани токму во нивните капацитети за што прикажаа и фотографии.**



Колку квадратни метри е Вашиот бизнис (вкупна внатрешна површина)?




Дали ја зедовте во предвид пристапноста за лица со попреченост и намалена подвижност (на пр. повозрасни лица) при поставувањето на местата за седење во Вашиот бизнис?




**Голем дел од нив не организираат спортски настани иако услужуваат одреден број на лица со попреченост.**

СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ Дали сте организирале спортски активности или екскуризии за лица со попреченост или со намалена подвижност (на пр. повозрасни лица)?




Ако одговоривте со да на претходното прашање, дали сте се имале некакви потешкотии при организацијата?



Ако одгоривте со не, зошто никогаш не сте организирале спортски активности за лица со попреченост или намалена подвижност (на пр. повозрасни лица)?




Колку често Вашиот бизнис услужува лица со попреченост или со намалена подвижност (на пр. повозрасни лица)?




**На влезовите на самите објекти се забележуваат одредени пристапи, но тие не се насекаде според стандардите. Половината од испитанците сметаат дека лице со инвалидска количка може слободно да се движи во нивниот капацитет.**

Дали има соодветни услови за пристапност на лица со попреченост или со намалена подвижност (на пр. повозрасни лица) на влезот на бизнисот?




Дали мислите дека лице во инвалидска количка може слободно да се движи во Вашиот бизнис?









**Кај некои капацитети воопшто нема паркинг а кај оние што има паркинг, не се обележани местата за паркирање за лица со попреченост. Кога станува збор за лифтови за лица со попреченост, најголем дел од капацитетите немаат лифт, дури и некои што имаат, не се изведени според стандардите.**




